# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 јуни 2001 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието

на Република Македонија, со почеток во 17,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 103 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија господин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, поглаварот на Македонската православна црква, претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија, бискупот на Скопско-Призренската бискупија и шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија.

Дами и господа, како што е познато на 5 јуни оваа година, во одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на Република Македонија како и во одбрана на мирот и спокојството на граѓаните на Македонија, од подмолен и кукавички напад на вооружените терористи на таканаречената ОНА ги загубија своите животи припадниците на Армијата на Република Македонија: водникот Исак Руфати, од село Одри, и војниците Влатко Миленковски, Благојче Силјановски и Пеце Матичевски од Битола и Коле Китанов од село Сарај Струмица. Сите граѓани на Република Македонија. длабоко сочувствуваат со семејствата на загинатите и ги осудуваат безобѕирните сторители на овој подмолен и кукавички чин.

Споменот на загинатите војници ќе остане во трајно сеќавање на граѓаните на Република Македонија. Ве повикувам со едноминутно молчење да им оддадеме почит.

(Со едноминутно молчење присутните во салата оддаваат почит).

Слава им.

Го молам претседателот на Република Македонија господинот Борис Трајковски да се обрати на Собранието на Република Македонија.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, господнине претседател на Владата на Република Македонија, почитувани министри, Ваши екселенции,

На почетокот на моето излагање би сакал најпрво да ја изразам мојата длабока почит кон загинатите припадници на безбедносните сили на Република Македонија, луѓе кои ги загубија животите бранејќи го територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава од кукавички и брутални  атаци на терористите.

Исто така, би сакал да го изразам моето длабоко сочувство до семејствата на починатите до тие чии синови трајно и незаборавно се вградија во нашата историја.

Се разбира дека денеска,во овој час е навистина тешко човек да ги избере правите зборови да се обрати во моментот на криза, особено во минатите денови кога ние бевме сведоци или сеуште сме сведоци на разно разни видувања или изјави, разно разни приоди кон кризата со која ние се соочуваме. Не би сакал,во овој момент, ние се чувствуваме повеќе или помалку, денеска некои од нас, колку посилно ќе каже или колку поголем херој ќе изгледа во овие моменти. Но, би сакал овој час во времето на оваа криза, време кога иднината на нашата земја е на самата критична точка, кога се губат човечки животи, се разоруваат материјалните добра, да ви се обратам во време кога емоциите создаваат се поповолна почва за раѓање радикални идеи и за сеење на семето на раздорот. А, целта на терористите е токму тоа, да направат спирала на насилство што ќе го раздели општеството, ќе ја подели земјата ноќе ја внесе во лавиринтите на хаосот и анархијата.

Но, исто така се обраќам во момент во кој никој не може да каже дека се изгубени можностите или надежите за решавање на кризата во атмосфера во која ќе доминира разумот, ќе функционираат сите институции на системот и ќе владее

правото. Уште помалку може да се каже дека државата Република Македонија нема намера и сили да се справи со големите проблеми со кои е соочена.

Одлуките што ќе ги донесеме денес и во неделите што се пред нас или со кои вие се соочувате, ќе имаат одраз низ децениите што доаѓаат. Позитивните ефекти и последиците ќе ги чувствуваат генерациите по нас,нашите деца и внуци. Тоа е, впрочем и нашата голема одговорност.

Значи, ова не е време за ривалство меѓу политичките партии, ниту е време за краткорочни лукративни поени. Власта, политичарите и избраните пратеници, исто така, не смеат да си дозволат нивните емоции да раководат со нивниот разум.

И, конечно, се обраќам во време кое повеќе од кога било порано бара единство кај сите граѓани, независно од верската и националната припадност Ова не е време^гневот и лутината - колку и да се оправдани - да ги надвладеат цврстите, смирени расудувања со кои ќе ја пребродиме моменталната криза.

Почитувани пратеници, користејќи го безредието на Косово, СРЈ и работејќи за своите криминални интереси, со илузии дека имаат поддршка од меѓународната заедница, вооружените терористички банди ја нападнаа Македонија на две нивоа. Прво, тие го загрозија територијалниот интегритет и суверенитет на државата и личната безбедност на македонските граѓани. Второ, своите активности на терор ги насочија против еден од столбовите на стабилноста на Македонија - меѓуетничката толеранција - со цел да предизвикаат општа војна меѓу етничките Македонци и македонските Албанци. Како што ќе видиме подолу, сметам дека и нашиот одлучен одговор треба да биде двоен.

Моменталната политичко безбедносна ситуација во Р. Македонија е сложена, со можна тенденција на нејзино натамошно усложнување, доколку не се преземат соодветни чекори.

Кризната состојба се простира во поголем дел од кумановско липковскиот и тетовскиот регион, како и во реонот на Скопска Црна Гора, региони кои гравитираат и непосредно се поврзани со територијата на СРЈ кон делот со Косово. Таа трае подолг период, почнувајќи од февруари оваа година, но може да се констатира дека подготовките за создавање на кризата повеќе од очигледно се со постар датум.

Постојат сознанија дека, последниве денови, има обиди за инфилтрација на терористи од копнената зона "Б" во Јужна Србија по навлегувањето на безбедносните сили на СР Југославија. Во моментов, на нашите простори дејствуваат и терористи од тие подрачја, како зајакнување на постоечките, со дел од софистицираното оружје со кое биле вооружени.

Мора да се констатира крајно нехуманото однесување на терористите кон цивилното население, држејќи го во заложништво и како заштитен жив штит пред безбедносните сили на РМ и негова злоупотреба за извршување на физички работи од делот на фортификациското утврдување на терористите.
Постојат докази и за акти на тероризирање, дури и

недолжното локално население чии се наводни ослободители. Истовремено се прават напори локалното население да се доведе во заблуда од страна на терористите дека тие се борци за човечки права и дека нивните активности се поддржани од меѓународните фактори.

Последните настани на теренот посочуваат на одредени индикации за обиди за проширување на дејствувањето на терористите и во другите реони во пограничното подрачје, каде претежно живее население од албанско етничко потекло.

Почитувани пратеници, Република Македонија до неодамна беше истакнувана како многу успешна приказна, како регионално неспоредлив пример во однос на статусот и правата на националните малцинства од страна на меѓународната заедница. Оттука, ако тероризмот во нашата држава е борба за поголеми права, тогаш се поставува прашањето кога точно македонскиот демократски режим стана репресивен? Дали тоа се случи во декември минатата или во февруари оваа година? Се разбира дека тоа воопшто не се случи. Она што се случи и што ја иницираше експлозијата на насилството е формализирањето на границата меѓу Република Македонија и СРЈ. Јасно е дека насилството и теророт се средства за остварување на антиевропското сценарио за создавање на трн. "Големо Косово" или на тнр. "Голема Албанија".

Токму затоа, од самиот почеток на кризата, Република Македонија ја доби целосната и неподелената поддршка на Меѓународната заедница, на најрелевантните меѓународни организации и

на билатерален план. Поддршката што ја доби Република Македонија е уникатна и бидејќи вониту една досегашна кризна состојба во регионот не била толку јасна и експлицитна.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ**: (Продолжение)

Оценката и еднодушноста во ставовите на меѓународната заедница во однос на Македонија се состои во:

- целосна поддршка на територијалниот интегритетот и суверенитет нашата држава;
- целосна и неподелена осуда на терористите;
- поддршка на активностите на македонските власти;
- заложба за решавање на отворените прашања во рамките на институциите на системот со учество на единствено легитимно избраните претставници;
- нема место за терористите во политичкиот процес;
- безусловно барање тие да го положат оружјето и да се повлечат;

Но, ставот на меѓународната заедница е јасен и во однос на начинот на справување со терористите.

Во тој контекст би сакал да ја поздравам и континуираната и се повидливата поддршка што ја добиваме од НАТО и би ја издвоил вчерашната одлука за робусни мерки од страна на КФОР за зголемување на безбедноста на границата од косовската страна и интензивираните активности долж границата со цел да се спречи и одврати секој обид за влегување на лица и оружје од Косово во Македонија.

Исто така сакам да го поздравам и востановувањето на НАТО Центарот за соработка и координација кој ќе овозможи подобра и навремена размена на информации, како и напорите на НАТО членките за билатерална помош на Македонија.

Во оваа пригода ја користам приликата да ја подвлечам и одлучната пооддршка на НАТО членките кои од Министерскиот состанок вчера во Брисел упатија порака до терористите вооружените екстремисти мораат да го положат оружјето веднаш и да се повлечат и нивната насилничка агенда нема поддршка и е во директна спротивставеност со напорите и целите на меѓународната заедница. Воедно ги поздравуваат властите во Македонија во нивните напори да ги изолираат екстремистичките елементи на начин кој промовира мирно решение, како и денешната изјава од состанокот на Евроатланскиот партнерски совет на министрите за одбрана во која се поздравија напорите на македонските власти да ги изолираат екстремистичките елементи. Исто така ги поздравија елементите од стратегијата т.е. планот за справување со криза кои беа преставени од страна на министерот за одбрана на Република Македонија.

Намерата на терористите е поткопување на Меѓуетничките односи и вклучување во нивните активности на што е можно поголем дел од локалното цивилно население - со сила или доброволно - со крајна цел да предизвикаат конфликти на Меѓуетничка основа од пошироки размери. Најсоодветен начин на борба со нив 6е3 да се влезе во нивна клопка и да Се дозволи таков развој, покрај Неопходната воена акција, претпоставува и јасна политичка акција.

Почитувани пратеници, јас би сакал да можам да кажам дека со оваа криза Ќе Се справиме за неколку Дена, со една единствена операција, како што многумина од Вас посакуваат 6ез поголеми последици. Јас би сакал да можам да кажам Дека Ќе биде Лесно и Дека следната недела животот ќе почне да тече по старо. Би сакал да има основа тврдењето дека во изминатата Деценија, вклучувајќи ги и последниве неколку Месеци, државата функционирала перфектно, без грешки и погрешни преоценки, без разочарувачки скандали, одејќи според прецизна и долгорочна стратегија. Но пред нас стојат историски одлуки и ние мораме да се соочиме со вистината. Како Претседател на оваа држава, јас имам одговорност да бидам искрен во овој момент и отворен со нацијата, бидејќи влогот е огромен, а нашиот влог е Република Македонија.

Дозволете ми најнапред да разобличам една лажна дилема и да ја истакнам вистинската. Дали нам ни требаат решителни ефикасни операции на безбедносните сили за целосен пораз на оние кои со оружје ја нападнаа нашата држава, ширејќи Терор и омраза, загрозувајќи ги животите на македонските граѓани, вклучувајќи ги тука и етничките Македонци и македонските Албанци? Тоа е лажната дилема. Јас сум убеден Дека ниту еден лојален граѓанин на Република

Македонија нема сомневање во неопходноста на таквите операции.

Вистинската дилема лежи во следното прашање. Дали ние сакаме да продолжиме по патот по кој 0ДеВМе, патот на граѓанската држава, на толеранција и демократија што води кон Европа, или Се согласуваме со терористичките банди кои сакаат да ја поделат Македонија предизвикувајќи една голема меѓуетничка војна? Ние сме исправени пред ова прашање. Дали Ќе дозволиме оваа криза, од судир Меѓу демократијата, толеранцијата и лојалните граѓани од една страна, со Теророт, омразата и насилството од друга страна, да прерасне во општ судир меѓу Македонците и Албанците? За оние кои Веќе навлегле во колективната омраза и кои своите сограѓани ги сметаат за Непријатели само поради тоа што имаат поинакво етничко потекло, посакувајќи државата да навлезе во општа војна, имам обврска овој момент како Претседател на оваа држава да укажам на последиците. Тоа би бил еден долготраен трагичен и крвав судир што ќе предизвика потполна идентификација на Секој граѓанин со својот колективитет. Тука Нема дилема. Една таква војна ќе донесе илјадници жртви, ќе ја предизвика Меѓународната заедница да воведе санкции врз Република Македонија и во најдобар случај ќе не донесе до таму каде што сме денес. Разликата ќе биде во омразата и страдањата и само тоа Ќе ни остане на крајот.

Затоа, без намера некого овој час да обвинувам и кога излегов и кога се решив немам намера ни еден од Вас да обвинувам ниту пак Некој, бидејќи во вакви моменти нам не ни требаат обвинувања и поделби, не можат да се оправдаат ставовите и случувањата што Македонија ја носат кон оваа опција. Кога земјата е пред ваква егзистенцијална закана, разбирливи се емоциите и страстите. Но политичките лидери и сите граѓани треба да бидат свесни за својата огромна историска одговорност. Тие не смеат да се солидаризираат со оние кои употребувајќи терор не нападнаа сите нас. Но тие исто така не смеат да изгубат верба во вековната толеранција да повикуваат на воена состојба или пак да исцртуваат етнички граници. Со огромна свест за болката, што сепак сепак не можам да ги оправдам ни случувањата во Битола, бидејќи ѕверските виновници за трагичната смрт на нашите војници, не се во Битола. Уривањето и палењето куќи и имоти на недолжни граѓани не им помага на семејствата на настраданите. И тоа е за осуда, а Секој непромислен чекор сите нас не носи во нови понори од кои се потешко ќе наоѓаме излез. Затоа им се обраќам овој час на сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната политичка, верска и етничка припадност не им помага на семејствата на настраданите таквите вандалистички чинови. И тоа е за осуда, а секој не промислен чекор сите нас не носи во нови понори од кои потешко ќе наоѓаме излез. Затоа им се обраќам на сите граѓани на Република Македонија повторно не ја претворајте тагата во бес, не дозволувајте да страдаат другите кои не носат никаква вина. Терористите тоа го посакуваат и сакаат да го постигнат затоа што за нив тоа ќе значи остварување на една од целите – македонските граѓани да ги прикажат како вандали, иако ѕверството, насилството и вандализмот се токму нивна основна карактеристика. Вашето оружје треба да биде покажување на висока свест и толеранција во секојдневното живеење и кон Секого.

Почитувани пратеници, јас ценам дека кризата е се уште судир меѓу демократијата, толеранцијата и лојалните граѓани од една страна, со теророт, омразата и насилството од друга страна. Нашата стратегија мора да биде насочена кон изнаоѓање долготрајно и вистинско решение во правецот на она што сме го трасирале многу одамна. Јас и во моето обраќање порано го реков. Јас не барам само воено или само политичко решение, меѓутоа, барам вистинско и долготрајно решение, а, тоа е стабилна и просперитетна Македонија, онаква каква што ја познаваме ние и ја препознава целиот свет, во догледано време да биде таму каде што и е местото - во единственото европско семејство.

Секако дека таа стратегија, единствената што ќе ја одведе Македонија кон Нејзиното заслужено место во Европа, Не е лесна. Всушност, во Секојдневната криза со која Сега Се соочуваме, многу лесно можеме да ја загубиме од вид нашата наша цел. Но, ова не смее да се случи зашто, нашите деца, кои Ќе ја платат цената за нашето немање визија и нема лесно да ни простат.

**БОРИС ТРАЈКОВСКИ:** (продолжение)

Тие ќе не обвинат за тоа што сме дозволиле нашата земја да се лизне во граѓанска војна којашто сме можеле да ја избегнеме. Дозволете да се изразам со поинакви зборови: Република Македонија мора да го држи својот правец. Мора да се

однесува како брод кој се упатува кон вистинско решение далечно, но сигурно пристаниште, а не да биде кајче што во иднината ќе го ниша секој бран или посилен ветер и удар. Колку да се чини невозможно, тоа е единствениот и правилен пат.

Базирајќи се на ова уверување и на императивите за долгорочна стабилност на Република Македонија, како и достоинството на нејзините граѓани, излезот од кризата го гледам низ три взаемно поврзани сегменти.

Првиот е насочен кон зголемување на ефикасноста и потенцијалот на безбедносните сили. Безбедносните сили на Р. Македонија во досегашните активности во спротивставувањето на терористите покажаа висок морал и одлучното до крај да се справат со терористите во Р. Македонија. Меѓутоа, долготрајноста на кризната ситуација во чие разрешување безбедносните сили на РМ се активно вклучени има одредено влијание врз трпението на припадниците на АРМ и МВР, па и меѓу населението на Р. Македонија. Припадниците на безбедносните сили потполно и дисциплинирано го користат методот на селективното дејствување со цел да не дојде до масовни жртви на недолжното цивилно население и рушење на нивните објекти. Сепак, неопходно е формирање на здружени воено-полициски сили кои ќе се стават под една команда и кои ќе применуваат нов стратешки пристап во борбата со терористичките банди. Организација и пристап базиран на висока координација и висока ефикасност, без непотребни ризици по личната безбедност на припадниците на безбедносните сили. На овој начин, преку овој сегмент, ќе се забрза неутрализацијата на терористичките активности за загрозување на територијалниот интегритет на Република Македонија.

Вториот сегмент и е добро познат на македонската јавност, иако има недоразбирања околу неговите цели. Иницијативата за решавање на кризата мора да биде од страна на државата. Нема да чекаме иницијативи однадвор, а никако од терористите. Излезот од кризата не може да се најде само со воени, туку неопходни се и политички активности, иманентни на секоја демократска држава. Кога го велам ова свесен сум дека ризикувам дека некои кои ќе мислат дека се е во оружјето, или пак само така се декларираат. Можеби јас чинам предавство, но не постои решение за кризата само со воени средства. Воената акција против терористите може да реши само еден дел од денешните проблеми, но не може да ги реши и утрешните. За да го сториме тоа, мораме да покажеме дека политиката, а не насилството дава резултат.

Затоа и ја создадовме нашата голема коалиција. Да покажеме дека, без оглед на други наши разлики, споделуваме фундаментално единство.

Јас морам да кажам дека посебно ги поздравувам после синоќешната средба на лидерот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ и лидерот на СДСМ дека ние можеме и да очекуваме дека она што е денеска агенда за изнаоѓање на решенија за прашањата што нас не разделуваат можеме да ги надминеме и да одиме во еден добар правец.

Тоа ќе значи изнаоѓање решенија прифатливи за сите. Алтернативата е застрашувачка. Нема да биде лесно, но, не смееме од тоа да се откажеме по никоја цена.

Би сакал да бидам крајно јасен - овој приод Не е знак на слабост, туку потврда на зрелоста и силата на државата и општеството и чувство на одговорност кон државата и сите нејзини граѓани. Секој изгубен живот е највисоката цена. Не смееме да ги заборавиме лекциите од блиското опкружување и од блиското минато. Таму каде што оружјето беше единствената опција за решавање на отворените прашања, последиците беа застрашувачки, а проблемите останаа нерешени.

Во оваа насока организирав, под мое покровителство средби со лидерите на политичките партии застапени во Собранието на Република Македонија. Нивната цел е двојна: прво, преку интензивирањето на политичките разговори, да се зацврсти вербата во политичкиот дијалог како единствено средство во сите европски демократии. Второ, да се зајакне и зацврсти меѓуетничката толеранција, бидејќи токму таа е основната цел на нападот на криминалните и терористичките албански банди. Преку овие цели, се гради граѓанскиот и институционалниот капацитет на македонското општество и тоа се приближува кон европското семејство.

Третиот сегмент работно е наречен план за разоружување. Тој ќе биде преЗентиран и реализиран тогаш кога ќе созреат условите за тоа.

Впрочем денеска ние сме сведоци Дека и министерот за одбрана во Брисел зборуваше за основните Цели, или ги даде појдовните основи спрема тој план кој беШе

и поздравен од страна на министерскиот совет на земјите членки на НАТО и Евроатланскиот партнерски совет.

На извесен начин, овој сегмент ги олеснува целите и на воената и на политичката димензија на стратегијата за излез од кризата. Но неговата успешност ќе зависи токму од резултатите на воен и политички план. Терористичките водачи денеска или утре или ќе бидат елиминирани или самите ќе избегаат таму од каде што дошле. Конкретните резултати од политичкиот процес ќе ја минимизираат поддршката на злосторниците меѓу локалното население. Затоа, на македонските граѓани кои биле принудени или заведени, мораме да им дадеме шанса да се извлечат од канџите на бандитите. Овој план ќе им даде шанса на тие кои се подготвени да го положат оружјето и да се интегрираат во општествениот живот, тоа и да го направат.

Почитувани пратеници, излезот од кризата можеме да го оствариме ние граѓаните на Република Македонија - сите заедно и одговорно. Од начинот на кој сите ние - од секој поединечен граѓанин до Претседателот на државата зависи дали ќе бидеме успешни или не. Емоциите мораме да ги потчиниме на разумот - во интерес на државата. Не смееме да дозволиме терористи да ни го разрушат она што сите го посакуваме мирна, стабилна и просперитетна Република Македонија, интегрирана во Европа.

И затоа ги во овој час апелирам и ги повикувам сите, и особено лидерите на политичките партии - да се обединиме околу таа заложба и Македонија ја вратиме на европскиот пат. Во оваа заложба, Република Македонија и меѓународната заедница се партнери обединети во борбата со терористите.

Како ваш претседател, како одговорен и длабоко загрижен човек, како еден од вас, на кого му припадна да ја носи најголемата одговорност за судбината на државата и на сите нејзини граѓани, јас денеска предлагам да го избереме вистинскиот излез од драмата што се надвисна над нашата татковина. Ве молам да ми верувате, бидејќи без вашата доверба, без меѓусебната доверба на сите граѓани на РМ, без разлика на етничкото, верско потекло, без довербата во Владата, во Собранието, во сите државни структури и институции, нема да ја оствариме нашата крајна цел. Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 18,00 часот).